# ЦВЕТНО ДОМИНО

**Број на играчи:** Два тима од по двајца играчи и еден судија.

**Потребни материјали:** 1 коцка за играње. Табела за играње. Цветни-домино картички.

**Правила на игра:** Цветните домино-картички се сечат и се ставаат на масата. По еден играч од двата тима ја фрла по еднаш коцката за играње. Прв почнува тимот чија што коцка ќе покаже поголем број. Едниот играч од тимот избира цветна домино-картичка. Според цветовите на домино-картичката ги одредува броевите на цветовите, а потоа треба да го одреди местото на картичката на таблата. Вториот играч во тимот треба да ги пресмета производите што одговараат на цветните броеви. За да го одредат производот, користат собирање на исти броеви. Судијата проверува дали се точни пресметките. Откако ќе ги одредат производите, ја ставаат домино-картичката на точното место на таблата. Потоа е ред на вториот тим играчи. Ако едниот тим не го погоди точното место на домино-картичката, тогаш на ред е другиот тим играчи. Победник е тимот играчи со најмногу точно поставени домино-картички.

